# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1704.**

Врз основа на член 56 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 мај 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДЕЗИГНАЦИЈА НА ДАВАТЕЛ НА ATM/ANS УСЛУГИ

Член 1

Со оваа одлука за давател на ATM/ANS услуги (ATS услуги и метеоролошки услуги) врз ексклузивна основа во рамките на посебни блокови на воздушниот простор, кои се делови од воздухопловниот информативен регион кој спаѓа под надлежност на Република Северна Македонија, се дезигнира Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

Член 2

Дезигнираниот давател од членот 1 од оваа одлука, за време на траење на дезигнацијата треба да ги исполнува следните услови:

- да поседува уверение за оспособеност за давање на ATM/ANS услуги, издадено од Агенцијата за цивилно воздухопловство;
- да ги дава ATS услугите во согласност со барањата за националната безбедност и одбрана утврдени со членовите 34 и 60 од Законот за воздухопловство;
- да има главно деловно седиште на територијата на Република Северна Македонија и
- повеќе од 50% од друштвото да биде во сопственост и ефективно контролиран од земјите-членки на Договорот за воспоставување на Европска заедничка воздухопловна област - ЕЗВО или од државјани на тие земји - членки, или директно или индиректно преку едно или повеќе поврзани друштва.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за дезигнација на давател на услуги на воздухопловна навигација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.177/19).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3040/12
26 мај 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски**, с.р.

---

**1705.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 мај 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНАТА УСТАНОВА ЗАТВОР СТРУМИЦА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, му престанува користењето на движната ствар - патничко моторно возило и тоа:

- марка: Волксваген,
- тип: Туран,
- регистарска ознака: SK 0265 CA,
- број на шасија: WVGZZZ1TZ7W066750,
- број на мотор: 048322,
- работна зафатнина на мотор: 1968 $cm^3$,
- сила на мотор: 125 kW,
- боја на каросерија: црна и
- година на производство: 2007 година.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Казнено-поправната установа Затвор Струмица.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено-поправната установа Затвор Струмица, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3139/5
26 мај 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски**, с.р.

---

**1706.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 155/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 мај 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, и тоа премер на објект-деловен простор, кој се наоѓа на КП бр. 5450, КО Крушево, Општина Крушево.